Јавна установа
Institucioni publik
Дом на култура "КОЧО РАЦИН"
Shtëpia e kulturës "KOÇO RACIN"
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број.Numër 03-1491/1
Дата/data 16.06.2026

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ИЗБОР И ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДСКИ ДУВАЧКИ ОРКЕСТАР

ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје објавува Јавен повик за избор и формирање на Градски дувачки оркестар кој ќе го претставува Град Скопје и ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје на културни, уметнички, протоколарни, свечени, концертни и меѓународни настани, со цел развој, унапредување и афирмација на дувачката музичка уметност и музичката култура.

### 1. ПРАВО НА УЧЕСТВО

На јавниот повик можат да се пријават:

• јавни и приватни установи од областа на културата кои во својата дејност имаат дувачки ансамбли или оркестри;
• здруженија на граѓани кои имаат формирано дувачки оркестар;
• музички академии, факултети и високообразовни установи од областа на музичката уметност;
• средни музички училишта;
• културно-уметнички друштва со активен дувачки оркестар;
• други правни субјекти регистрирани согласно закон кои можат да докажат континуирана работа на дувачки оркестар;
• физички лица – диригенти;
• физички лица – музички изведувачи на дувачки и ударни инструменти.

Физичките лица можат да аплицираат независно од правните субјекти, со цел формирање на Градски дувачки оркестар преку постапка на избор на диригент и селекција на изведувачи.

### 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

А) За постоечки оркестри и правни субјекти

Пријавениот оркестар треба да ги исполнува следните минимални услови:

• да е регистриран правен субјект;
• да е активен најмалку 2 години;
• да располага со најмалку 20 активни членови во моментот на аплицирање;
• да има ангажиран диригент со завршено високо музичко образование или

најмалку 5 години искуство во раководење со дувачки оркестар;
• да има реализирано најмалку 5 јавни настапи во последните две години.

Б) За кандидати – диригенти

Кандидатот треба:

• да има завршено високо образование од областа на музичката уметност;
• да има најмалку 5 години искуство во раководење со оркестар, ансамбл или музички состав;
• да достави концепт и програма за работа на Градскиот дувачки оркестар;
• да поседува организациски и уметнички капацитет за формирање и раководење со оркестарот.

В) За кандидати – изведувачи

Кандидатите треба:

• да поседуваат музички знаења и способности за инструментот за кој аплицираат;
• да бидат подготвени да учествуваат на аудиција, проба или друг вид проверка на музичките способности;
• да учествуваат во редовните активности на оркестарот доколку бидат избрани.
• да поседуваат сопствен инструмент кој ќе го користат на пробите и концертните активности и настапи.

## 3. СТАНДАРДЕН СОСТАВ НА ГРАДСКИ ДУВАЧКИ ОРКЕСТАР

Избраниот оркестар, односно оркестарот формиран по пат на избор на диригент и изведувачи, треба да располага со најмалку 23 членови и тоа:

Дрвени дувачки инструменти

• Флејта – 2
• Кларинет во Bb – 4
• Алт саксофон – 2
• Тенор саксофон – 1

Вкупно: 9 изведувачи

Лимени дувачки инструменти

• Труба – 3
• Хорна – 2
• Тромбон – 3
• Туба – 2

Вкупно: 10 изведувачи

Ударни инструменти

- Мал тапан – 1
- Голем тапан/чинели – 1
- Дополнителна перкусија – 1

Вкупно: 3 изведувачи

Раководен кадар

- Диригент – 1

Вкупен состав: 23 членови (22 изведувачи и 1 диригент)

Оркестарот може да биде проширен со дополнителни инструменти согласно програмските потреби, но не смее да располага со помал број членови од пропишаниот минимум.

## 4. ДОПОЛНИТЕЛЕН УСЛОВ

Доколку оркестарот во моментот на поднесување на пријавата не располага со целосниот инструментален состав, може да аплицира доколку достави писмена изјава и план за доекипирање.

По објавувањето на резултатите од јавниот повик и изборот на Градски дувачки оркестар, избраниот оркестар е должен веднаш да располага со функционален инструментален состав и да биде подготвен за настапи и реализација на програмските активности согласно потребите на Град Скопје и ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин" – Скопје, при што избраниот оркестар е должен најдоцна во рок од 3 (три) месеци од денот на потпишување на договорот да го комплетира инструменталниот состав согласно условите од повикот. Некомплетирањето на инструменталниот состав во предвидениот рок претставува основ за раскинување на договорот и престанок на статусот Градски дувачки оркестар.

## 5. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За правни субјекти:

- пополнета пријава за учество;
- решение или друг документ за регистрација;
- биографија на диригентот;
- список на членови со наведени инструменти;
- кратка биографија на оркестарот;

- листа на реализирани настапи во последните две години;
- фотографии, аудио и видео материјали или интернет линкови;
- репертоар на оркестарот;
- план за доекипирање (доколку е потребно).

За диригенти:

- пријава за учество;
- професионална биографија;
- докази за образование и искуство;
- програма и концепт за работа;
- препораки и референци (доколку поседува).

За изведувачи:

- пријава за учество;
- кратка биографија;
- податоци за инструментот за кој аплицираат;
- доказ за музичко образование и искуство;
- аудио, видео материјали или интернет линкови од настапи (доколку поседуваат).

## 6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Стручна комисија формирана од директорот на ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје ќе ги оценува апликациите.

За правни субјекти и постоечки оркестри:

- бројност и инструментален состав – до 30 бодови;
- стручност и искуство на диригентот – до 20 бодови;
- уметнички квалитет и реализирани настапи – до 25 бодови;
- разновидност и квалитет на репертоарот – до 15 бодови;
- организациски капацитет и програмски потенцијал – до 10 бодови.

Максимум: 100 бодови.

За кандидати – диригенти:

- образование и стручност – до 25 бодови;
- професионално искуство – до 25 бодови;
- концепт и програма за работа – до 25 бодови;
- организациски и лидерски капацитет – до 25 бодови.

Максимум: 100 бодови.

Комисијата може да побара дополнителна документација, интервју, аудиција или пробен настап.

## 7. ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР

Доколку на јавниот повик се пријават правни субјекти со постоечки оркестри, комисијата врши избор на најуспешен апликант согласно утврдените критериуми.

Доколку на јавниот повик се пријават физички лица – диригенти и изведувачи, постапката се спроведува во две фази:

Прва фаза

Стручната комисија избира еден диригент кој ќе раководи со Градскиот дувачки оркестар.

Втора фаза

Избраниот диригент врши селекција на изведувачите од редот на пријавените кандидати, преку аудиција, пробен настап, интервју или увид во доставените материјали.

Конечниот состав на оркестарот се формира врз основа на одлуката на избраниот диригент согласно инструменталниот состав утврден со овој јавен повик.

Избраниот диригент е должен својата работа, како и постапката за селекција и функционирање на оркестарот, да ги спроведува во согласност со важечкиот Правилник и другите интерни акти на ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје.

## 8. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИОТ ОРКЕСТАР

Избраниот Градски дувачки оркестар е должен:

- да го претставува Град Скопје и ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје на официјални настани;
- да учествува на општински празници, свечености и културни манифестации;
- да реализира најмалку 10 јавни настапи годишно;
- да учествува на домашни и меѓународни фестивали и манифестации;
- да ја одржува пропишаната бројност и инструментален состав;
- да обезбедува редовни проби и континуиран уметнички развој;
- да доставува годишен извештај за својата работа.

Доколку оркестарот е формиран преку избор на диригент и изведувачи, избраниот диригент е одговорен за организацијата, координацијата и уметничкото раководење со оркестарот.

## 9. ДОГОВОРНИ ОБВРСКИ

По завршување на постапката за избор и објавување на конечните резултати, Основачот – Град Скопје ќе склучи договор со ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје за реализација на програмските активности на Градскиот дувачки оркестар.

Доколку за Градски дувачки оркестар биде избран постоечки оркестар, односно правен субјект, ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје ќе склучи договор со избраниот правен субјект, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски поврзани со функционирањето и активностите на Градскиот дувачки оркестар.

Доколку за Градски дувачки оркестар биде избран диригент по пат на јавен повик, ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје ќе склучи посебен договор со избраниот диригент, како и посебни договори со сите избрани изведувачи – членови на оркестарот.

Со договорите ќе бидат регулирани:

- одржувањето на пропишаниот број членови и инструменталниот состав;
- бројот и видот на настапите што оркестарот ќе ги реализира;
- учеството на градски, државни и меѓународни манифестации;
- обврските за редовни проби и одржување на уметничкиот квалитет;
- правата и обврските на диригентот, изведувачите или избраниот правен субјект;
- начинот на користење на називот „Градски дувачки оркестар на Град Скопје“;
- начинот на следење и евалуација на работата на оркестарот;
- условите за продолжување, измена или раскинување на договорите;
- висината и начинот на исплата на надоместоците, согласно обезбедените финансиски средства;
- други права и обврски од значење за реализација на програмските активности.

Избраниот правен субјект или избраниот диригент и избраните членови на оркестарот се должни во текот на важноста на договорите континуирано да ги исполнуваат условите и критериумите утврдени со овој Јавен повик и склучените договори.

## 10. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавите се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Јавниот повик.
Краен рок за поднесување на пријавите е: 03.07.2026 година до 16:00 часот.

## 11. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ

Пријавите може да се доставаат:

• лично во архивата на ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје;
• по пошта на адреса: ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје
  Ул. Димитрие Чуповски 20а; пош фах 173
• електронски на e-mail: dk.kocoracin@gmail.com
- Телефон за контакт: 02 3163739

Некомплетните и ненавремено доставени пријави нема да бидат разгледувани.

## 12. ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Резултатите од јавниот повик ќе бидат објавени на официјалната веб-страница на ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје во рок од 10 дена по завршување на рокот за пријавување.
ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје го задржува правото да не избере апликант доколку ниту една од пристигнатите пријави не ги исполнува условите и критериумите утврдени со овој јавен повик.

16.06.2026 Година
Скопје

ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ – Скопје
Директор